ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ
на Вардарски плански регион
CENTRE FOR DEVELOPMENT
of Vardar planning region

Центар за развој на
ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 02-225/3
20.12.2022 год.
ВЕЛЕС

Врз основа на член 22 став 1 алинеја 4 од Законот за рамномерен регионален развој (Службен весник Службен весник на РСМ бр. 24/2021 и 174/21), член 3 став 1 алинеја 4 од Деловникот за работа на Советот за развој на Вардарски плански регион, Советот за развој на Вардарски плански регион, на седницата одржана на ден 20.12.2022 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**За усвојување на Годишна листа на предлог – проекти за развој на Вардарски плански регион за 2023 година со индикативни средства за 2024 година финансирани од страна на Министерство за локална самоуправа – Биро за регионален развој**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува Годишната листа на предлог-проекти за развој на Вардарски плански регион за 2023 година со индикативни средства за 2024 година врз основа на приоритетност со која што ќе се аплицира до Програмата за рамномерен регионален развој на Министерството за локална самоуправа- Биро за регионален развој

**Член 2**

Предлог-проектите за развој на Вардарски плански регион за 2023 година со индикативни средства за 2024 година се рангираат според следниот распоред:

1. Зајакнување на капацитетите за развој и промоција на туризмот во општините Велес, Градско, Неготино и Росоман;
2. Подобрување на условите за спорт и рекреација во образованието, во општина Свети Николе;
3. Развој на инфраструктурата за подобар економски развој во Вардарскиот регион, преку изградба на пазар за продажба на земјоделски производи- втора фаза;
4. Развој и унапредување на патната инфраструктура за поголема безбедност на патиштата, преку реконструкција на пат во општина Чашка;
5. Зачувување на животната средина во Вардарскиот плански регион, преку проширување на канализационата инфраструктура во општина Демир Капија;
6. Подобрување на животната средина преку доизградба на речното корито на реката Луда Мара;

**Член 3**

Како резервен проект на листата се додава проектот „Подобрување на патната инфраструктура до туристичкиот локалитет Била Зора преку реконструкција на патот Ѓуземелци - Кнежје, општините Лозово (фаза 2)“, кој би се реализирал согласно расположливите средства.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила нареден ден од денот на нејзиното донесување.

Совет за развој на Вардарски плански регион
Претседател
Дејан Владев

Центар за развој на Вардарски
ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН
ВЕЛЕС

*Центар за развој на Вардарски плански регион – Велес*
*Ул.Шефки Сали бр.4, 1400 Велес*
*Тел:043/615-353*
*www.vardarregion.gov.mk*
*info@vardarregion.gov.mk*